15. 05.2025 година

АРХИВСКИ БРОЈ: 32-5926/2

ДО: ОРГАНИК-ЦЕРТ ДООЕЛ Скопје

ПРЕДМЕТ: Решение за овластување на контролно/сертификациско тело за вршење на стручна контрола во органското земјоделско производство

Врз основа на член 46, став 1, член 50, став 1 од Законот за органско земјоделско производство („Службен весник на Република Македонија" бр. 146/09, 53/11, 149/15, 39/16 и 132/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 150/21) и член 2 од Правилникот за начинот на издавање на овластувања на контролни/сертификациски тела за вршење на стручна контрола и стручни научни установи или други правни лица за вршење на анализи и суперанализи во органското земјоделско производство, потребната документација, формата, содржината и начинот на водење на евиденцијата („Службен весник на Република Македонија" бр. 163/2010), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство го издава следното

РЕШЕНИЕ

**за овластување на контролно/сертификациско тело за вршење на стручна контрола во органското земјоделско производство**

1. Друштвото за контрола на квалитет и услуги „ОРГАНИК-ЦЕРТ ДООЕЛ Скопје", со седиште на ул.„ Радика бр.5-2/-6 Карпош, Скопје и ЕМБС 7835671, СЕ ОВЛАСТУВА за вршење на стручна контрола во органското земјоделско производство.
2. Овластеното контролно/сертификациско тело од точка 1 стручната контрола ќе ја врши во согласност со пропишаните услови во важечките прописи од областа на органското земјоделско производство во Република Северна Македонија.
3. Овластеното контролно/сертификациско тело од точка 1 се запишува во евиденцијата на овластени контролни/сертификациски тела за вршење на стручна контрола во органското земјоделско производство која ја води Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.
4. Надзорот над работењето на овластеното контролно/сертификациско тело за вршење на стручна контрола во органското земјоделско производство во Република Северна Македонија според законските одредби ја врши Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Државниот инспекторат за земјоделство.


Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Северна Македонија
Ул. „Ленинова" бр. 2, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3134 477
www.mzsv.gov.mk
МКД СЕРТИФИКАТ МКС EN ISO 9001:2015

Образложение

Друштвото за контрола на квалитет и услуги „ОРГАНИК-ЦЕРТ ДООЕЛ Скопје", поднесе барање за овластување заведено со бр. 32—5926/1 од 05.05.2025 година. Во прилог на барањето достави: копија од потврда од Институтот за акредитација на Република Северна Македонија дека контролното/сертификациско тело е во процедура за акредитација како тело за сертификација на органски производи, тековна состојба на правното лице од Централниот Регистар на Република Северна Македонија, имотен лист за деловен простор, органограм на организациската поставеност, изјава за поседување на соодветна опрема, изјава дека не врши советодавна активност за субјектите над кои врши контрола, изјава дека активностите на Друштвото за контрола на квалитет и услуги ОРГАНИК-ЦЕРТ ДООЕЛ Скопје не се во спротивност со Законот за спречување на судир на интереси и за две вработени лица: а) диплома за завршено соодветно високо образование; б) М1/М2 обрасци; в) биографии потпишани и заверени; и г) потврда за стекнато работно искуство. Врз основа на поднесеното барање и од увидот на приложената документација се утврди дека Друштвото за контрола на квалитет и услуги ОРГАНИК-ЦЕРТ ДООЕЛ Скопје ги исполнува условите за добивање на овластување за вршење на стручна контрола во органското земјоделско производство („Службен весник на Република Македонија" бр. 146/09, 53/11, 149/15, 39/16 и 132/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 150/21) и член 2 од Правилникот за начинот на издавање на овластувањата на контролни/сертификациски тела за вршење на стручна контрола и стручни научни установи или други правни лица за вршење на анализи и суперанализи во органското земјоделско производство, потребната документација, формата, содржината и начинот на водење на евиденцијата („Службен весник на Република Македонија" бр. 163/2010), се одлучи како во диспозитетот на ова Решение.

**Упатство за правно средство:** Против ова Решение може да се покрене тужба за управен спор пред Управниот суд на Република Северна Македонија во рок од 15 дена од денот на приемот на ова решение.

МИНИСТЕР

Цветан Трипуновски

Изработил: Елизабета Крстеска
Контролирал: Валентина Митева
Согласен: Васе Симовска Бошкова



Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Северна Македонија
Ул. „Ленинова" бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3134 477
www.mzsv.gov.mk

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2015